Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 68, став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), на седницата одржана на 29 март 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на План за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022 година**

1. Планот за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022 година изготвен од страна на АД МЕПСО – Скопје, СЕ ОДОБРУВА.

2. Одобрениот План за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022 година е во прилог на ова Решение.

3. Се задолжува АД МЕПСО – Скопје, текстот на Планот за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022, одобрен со ова Решение да го објави на својата веб страна.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

АД МЕПСО - Скопје согласно член 68, став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со допис број 02 – 1002 од 1 февруари 2018 година, достави предлог текст на Планот за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022, заради одобрување. Овој План АД МЕПСО - Скопје ги достави во својство на оператор на електропреносниот систем. По предлог текстот на Планот за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022 се одржа подготвителна седница на 13.03.2018 година во просториите на Регулаторната комисија за енергетика. На подготвителната седница, претставниците на Регулаторната комисија за енергетика, побара од АД МЕПСО – Скопје, да се додаде нова табела во која ќе се вметнат податоци за финансиските средства кои што се потребни за реализација на проектите за секоја година согласно Табелата 5. АД МЕПСО – Скопје го дополни Планот за развој на електропреносниот систем на Република Македонија за периодот од 2018 до 2022, со анекс во кој е вметната табела за динамичка распределба на инвестиции по години за период 2018-2022. Имајќи во предвид дека на подготвителната седница немаше останати забелешки во однос на доставениот предлог текст, на ден 29 март 2018 година се одржа и главна седница на Регулаторната комисија за енергетика, на која се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**бр. 02-720/1**
**29.03.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**